Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум“, и Редакцискиот одбор на Списанието за европски прашања „Евродијалог“ објавуваат

**Повик за трудови за дваесеттото издание на Списанието за европски прашања „Евродијалог“**

Рок за поднесување на трудови: 20 октомври 2015 година.

„Евродијалог“ е публикација на ЦРИС Студиорум, кое се објавува два пати годишно. Списанието има за цел да промовира објективно, критичко и аналитичко размислување за прашања од разни области поврзани со Европската Унија и приближувањето и приклучувањето во ЕУ.

За овој број на „Евродијалог“ ги охрабруваме авторите да поднесат трудови каде својата креативност може да ја изразат во поширок опсег на теми поврзани со разни аспекти од македонското приближување кон Европската Унија и перспективите на тој национален проект за приклучување кон ЕУ. Авторите не се ограничени на конкретен наслов и имаат поголема слобода во изборот на темите за своите трудови.

Сепак, темите треба да се движат во опсегот на прашања поврзани со ЕУ, од областите право, економија, јавната администрација, меѓународни односи, политички науки, комуникации, нови технологии и општеството, енергетика, животна средина, здравство, како и од други релевантни области, давајќи им предност на истражувачките теми кои директно разработуваат прашања поврзани со Копенхагенштите критериуми, а кои се фокусирани на анализи и студии на случај во однос на потребите и условите кои потекнуваат од ЕУ acquis communitaire.

Одбраните трудови ќе бидат публикувани во дваесетотто издание на „Евродијалог“, кое ќе биде објавено во дигитална форма на CD, на македонски и на англиски јазик. ЦРИС Студиорум ќе обезбеди превод на трудовите. Електронското издание на списанието, кое се објавува на веб-локацијата на „Евродијалог“ исто така ќе ги содржи сите текстови на македонски и на англиски јазик.

**Инструкции за авторите:**

1. Текстот да биде со должина помеѓу 10 и 15 страници (4500-6000 зборови проверени со word count). Текстот се приложува во електронска форма на електронската пошта на евродијалог: evrodijalog@studiorum.org.mk.

2. Текстот да биде отчукан во Word (било која верзија) без понатамошни дотерувања. Табели и графикони треба да се подготвуваат во наједноставна форма.

3. Текстот треба да содржи:

- име и презиме на авторот и титула;
- наслов и (евентуално) поднаслови;
- кратка биографија за авторот (1-3 реченици);
- резиме (апстракт) на македонски јазик (1/2 страница) (за авторите кои ќе го испратат текстот на англиски јазик, ЦРИС Студиорум ќе обезбеди превод на резимето на македонски јазик);
- резиме (апстракт) на англиски јазик (1/2 страница); и
- користена литература.

4. Јазична лектура и коректура прави Редакцијата на „Евродијалог“.

5. Повикувањето на користената литература треба да биде унифицирано според т.н. MLA style, односно според следниот пример:

- за користени книги: – во текстот: (Castells, p.236) – на крајот од текстот (во референциите): Castells, M. The Rise of the Network Society, Blackwell Publishers, Oxford, UK, 1996.

- за користени списанија: – во текстот: (Robins, p.128) – на крајот од текстот (во референците): Robins, K. and Webster F., “The Iron Cage of the Information Society”, Information, Communication and Society, vol. 1, no. 1, Routledge Journals, Hamphire, UK,1998:44-57

- за користени Web страници: Greenfield, D. “The Nature of Internet Addiction”, Meetings of the American Psychological Association, August 20, 1999, Available: www.virtual-addiction.com (Accessed: April 13, 2000).

- за користени весници: _____ “Who Owns the Knowledge Economy”, The Economist, vol. 355, no. 8165, The Economist Newspaper Limited, London, UK, April 8, 2000.

- за конференциски прилози Blau, A. “Floods Don’t Build Bridges: Rich Networks, Poor Citizens, and the Role of Public Libraries”, Information Landscapes for a Learning Society, June 29 – July 1, 1998, University of Bath, UK,1998.

Рокот за поднесување на трудови е **20 октомври 2015 година**. Ве молиме да поднесувате само готови трудови или трудови кои се во финален нацрт! Ги замолуваме авторите при испраќањето на трудот да назначат дали трудот е финална верзија или финален нацрт. Готовите трудови се приложуваат до Редакцискиот одбор преку електронска пошта на evrodijalog@studiorum.org.mk.

Со нетрпение ги очекуваме вашите трудови!

Редакциски одбор,

Списание за европски прашања „Евродијалог“

Скопје, 01 октомври 2015 година

**Линк за симнување:**

Повик за трудови за Списание за европски прашања „Евродијалог“ број 20 (.pdf)